| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Промените на природата во есен |
| **Содржина на денот** | Дрвото во есен |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Емилија Каровска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор како треба да се поздравуваме без физички контакт, преку разни видови на поздравувања (со тупаници ,со нозе, здраво....). |
| **Активности** | Пресликување на есенски лист со восочни бои.<br><br>Предлог родителот заедно со детето да прошетаат до блискиот парк или каде што има дрвја .<br>Шетајки да се поведе разговор за времето во есен кое за разлика од летото сега е постудено и денот е помал.Потоа да се потсетат како изгледале дрвјата во летниот период ,а како сега во есен.<br>Треба да се забележи дека лисјата веќе не се зелени туку пожолтеле и паѓаат од дрвјата.<br>Потоа со детето соберете лисја од дрвјата кои се паднати на земја, правејќи букет од лисја во разни бои, жолти, зелени ,црвени...<br>Активноста продолжува дома. Детето одбира еден лист од собраните и го става на подлога од корица на блок, а над него се става лист од блок. Со едната рака се држи листот да не се мрда, а со другата се поставува восочната боја хоризонтално и со благ стисок се повлекува боичката на нагоре.Може да се користат боите на есента. Листот од дрвото ќе се преслика на листот од блок и ќе се добие многу убав цртеж.Ова може да го прават сите членови на семејството,многу е забавно ,а на крај може да се изложат цртежите во домот и да го украсуваат.<br>Слушање песна „Принцезата Есен“ или некоја друга од детските фестивали „Поточиња” или „Златно славејче”. |